

# БОИТЕ НА СВ.ТРИФУН
## низ сликите на ликовните уметници од Македонија

февруари 2024 година

Локален Музеј - Галерија Кавадарци



Симон Шемов   Гоце Божурски

Стефан Хаџи Николов   Драги Хаџи Николов – Аџи

Владимир Темков   Новица Трајковски

Решат Амети   Башким Меџити

Горан Боев   Димитар Самарџиев

Ќиро Јосифов   Тони Чатлески – Чатле

Ванчо Кеков   Лазар Дојчинов

Александар Поповски   Димитар Димитров

Душан Коцев   Љубица Мешкова Солак

Анита Сот Јовеска   Слободан Милошески

Горан Јованов   Анита Огњановска

Соња Самарџиева Поп Ицов   Методија Јованов

Ива Јосифова Даневски   Драган Најденовски

Томе Филов   Мариана Филова



Култот за св. Трифун е поим за младост и доследност кон христијанските традиции. На иконите, тој е претставен или со сорче за режење лозје или со наметка како чувар на гуски. Православната црква неговиот ден го чествува на 1 февруари според јулијанскиот календар, т.е. на 14 февруари, според грегоријанскиот календар како ден на лозарите и градинарите, а тој се смета и како покровител на меанџиите. Традиционално, на 14 февруари се врши обредното закројување на лозјето, а некои овој ден го сметаат за последен од зимските и за прв од пролетните празници.

Во некои краишта на Македонија, како Охрид и Прилеп, овој празник е познат и како Св. Трипун-пијаницата. Во повеќето краишта на Македонија, на денот на св. Трифун рано наутро се одело в црква кадешто попот пеел молитва и светел вода. Луѓето земале од оваа вода, за која се смета дека е ослободена од демоните и има лековита моќ, а потоа со неа ги прскале лозјата. Во Тиквеш, рано наутро, лозарите оделе во лозјето, каде закројувале неколку лози кои ги полевале со вино, а потоа ги благословувале со зборовите: „Господе, ти давам едно шише со вино за илјада да ни подариш."

Локален Музеј- Галерија 25 години наназад традиционално организира ликовна изложба по повод овој верски празник. Оваа година на наше големо задоволство успеавме да организираме групна изложба на 28 академски ликовни уметници од нашата држава кои ни се претставуваат со 60 –тина ликовни дела. На една место успеавме да ги споиме овие автори кои се со различна возраст почнувајќи од постарата генерација на македонски современи ликовни уметници па се до младата генерација уметници ,тие се со различен уметнички светоглед и практикуваат различна сликарска техника и правец. Токму овој збир на дела во разни техники акрил,масло,графика и комбинирана техника како и правецот во нивните дела од реализам,експресионизам,апстракција па се до суреализам (надреализам) ја прават оваа изложба значајна и вредна. Со надеж и верба дека оваа ликовна изложба која на свој начин покажува чување и негување на традиционалните вредности, ќе побуди интерес кон уметноста посебно кај помладата генерација да продолжат по стапките на овие наши признати и докажани ликовни уметници.

Трајче Цветков-историчар на уметност



**Слободан Милошевски,**

роден 1977 г. во Охрид. Дипломира на Факултетот за ликовни уметности во Скопје во 2009 г. на отсек вајарство а магистрира на истиот во 2011 г. Во 2018 г. докторира на Националната уметничка академија во Софија. Работи како професор на Ликовната академија при универзитетот ``Гоце Делчев`` во Штип. Има реализирано над 30 самостојни и повеќе од 80 групни изложби во Македонија, БИХ, Србија ,Бугарија,Црна Гора,Турција и САД. Добитник е на 15 награди и признанија .
Претставник на постмодерниот дискурс во скулптурата.Изведува скулптури со со мазна полирана текстура во флуидни облици и минималистички концепт.








Издавач

Локален Музеј Галерија Кавадарци

Главен и одговорен уредник

Јаким Зимоски

Автори на изложбата

Виш кустос историчар на уметност Трајче Цветков

Кустос историчар на уметност Елизабета Ристова

Дизајн и подготовка за печат

Тони Коцев

Печати

Ројал Арт

ИЗЛОЖБАТА Е РЕАЛИЗИРАНА СО ПОМОШ НА

ГРАДОНАЧАЛНИКОТ И СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ


ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

МУЗЕЈ-ГАЛЕРИЈА КАВАДАРЦИ